Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-23/3
19.5.2026, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда", финансиран од Европската Унија во рамки на NDICI-THE-NEAR /2024/461-234, врз основа на Договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. 0307-65/1 од 26.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК 14/2026
за ангажирање на обучувачи за три обуки за студенти

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на NDICI-THE-NEAR /2024/461-234) има потреба од **ангажирање на обучувачи за три три-дневни обуки за студенти**.

2. Опис на активностите:
   - Спроведување на три обуки за студенти од правните факултети во Скопје, Битола, Тетово и Штип на тема административна социјална правда;
   - Запознавање со модулите за обуките подготвени од ИЧП;
   - Придонесување кон подготовка на детална програмата за обуката во согласност со модулите;
   - Подготвување материјали за обуката во согласност со модулите (пр. презентација, вежби, задачи, активности, итн.);

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 14/2026.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Временската рамка за спроведување на активностите е во период од јуни до ноември 2026 година.

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраните обучувачи за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 14/2026.

5. Понудата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и искуство; и
   - Финансиска понуда во соодветниот формат.

6. Изборот на обучувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понудите е следната:

Квалитативна евалуација	Максимум можни бодови
Образование	20

Искуство	50
Вкупно бодови	**70**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	30
Вкупно бодови	**30**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	70
Просечна оценка за финансиска евалуација	30
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на секоја обука. Персоналниот данок паѓа на товар на ИЧП.

8. Начин на доставување на понудата

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов е-маил: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **3.6.2026 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот и проектната задача, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адресата vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **28.5.2026 година.**

Институт за човекови права

Весна Стефановска
Институт за човекови права